Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Во извештајниот период што се однесува на месец април 2021 година, беа мониторирани вкупно 40 закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 20 беа одржани, а исто толку – 20 беа одложени. Дополнително, 18 термини за рочишта беа отповикани со претходно известување од страна на Судот поради здравствени пречки за присуство предизвикани од причини поврзани со COVID-19.**

## К-817/11„Маџар Телеком“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 5 вв став 4 и став 1 од КЗ, постапката е по стариот ЗКП

На ден 07.04.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки состав, односно отсуство на член на советот а заради здравствени причини.

## К-1493/17 „Тотал“

Предметот се води за кривично дело„Даночно затајување“ од член 279 став 2 вв став 1 вв член 45 од КЗ.

Закажаното рочиште за главна расправа за ден 26.04.2021 година, се одложи поради отсуство на судечкиот судија а заради здравствени причини.

## К-1959/17 „Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На ден 23.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа,беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната. Директно испитување на сведоците беше спроведено од страна на одбрната, а вкрстено од застапникот на обвинението. Притоа, при вкрстеното испитување во определени ситуации, јавниот обвинител поставуваше и прашања кои не произлегуваа од директното испитување, односно од одговорите дадени од страна на сведоците при претходното такво испитување. Исто така, и Судот го искористи своето право согласно член 383 став 5 од ЗКП да и самиот поставува прашања на сведоците, при што истото практично прерасна во посебно испитување на сведоците. Текот на расправата се снима аудио-визуелно, а паралелно се води и записник со внесување преку диктирање од страна на судијата.

## К-1413/19 „Талир 2“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в. став 3 в.вstав 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ.

На ден 08.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители од здравствени причини.

На ден 22.04.2021 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на две вешти лица од област на финансиско, материјално и сметководствено работење, на предлог на обвинителството. За време на испитувањето, застапникот на обвинението приговараше на начинот на кој што се поставуваа прашањата од страна на одбраната, а сите приговори се констатираа на записник.

## К-1925/20 „Тревник“

На ден 13.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител а од здравствени причини.

## КОК-52/17 „Траекторија“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 од КЗ.

На 29.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа, во фаза на дополнение на доказна постапка, на предлог на застапникот на обвинението беа изведени материјални докази – аудио снимки, со презентирање на нивната содржина.Текот на постапката се снима аудио-визуелно, а паралелно се води и записник со диктирање од страна на судијата.

## КОК-53/17 „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

На ден 15.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, односно издадени решенија за самоизолација на членовите на советот.

На ден 22.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведувани вербални докази, односно испитани тројца сведоци, на предлог на јавниот обвинител. Со оглед на тоа што сведоците се предложени и од страна на одбраната, а заради целисходност и економичност на постапката, во рамки на ова рочиште беше спроведено нивно испитување од двете страни. Станките во постапката, меѓусебно приговараа на поставените прашања и сите приговори се констатираа на записник. Дополнително, при самото испитување, беа користени искази дадени во претходна постапка и тоа заради две причини односно, потсетување на околности на кои не се сеќава сведокот, како и за неконзистентни т.е различни искази.

## КОК-60/17 „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

На ден 05.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната. Текот на постапката се евидентира аудио-визуелно, а паралелно се води и записник.

На ден 13.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа Судот ја изрече и јавно објави пресудата, при што донесе осудителна пресуда со која обвинетите ги огласи за виновни и им изрече казна затвор односно, за првообвинетиот единствена казна затвор од 8 години, за второобвинетиот 15 години, а за трето и четвртообвинетиот по 5 години. Дополнително, Судот изрече и мерка конфискација на имотна корист прибавена со сторување на кривичното дело и тоа: парични средства од банкарска сметка во износ од 838 106 денари, парични средства од банкарска сметка во износ од 145 619 евра и ПМВ-автомобил марка Ауди, проценет во висина од 1 026 285 денари. По барање на јавниот обвинител, Судот определи мерка притвор за првообвнетиот и куќен притвор за третообвинетиот.

## КОК-64/17 „Тендери“

Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На ден 12.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, односно отсуство на судија – поротник, а заради здравствени причини.

## КОК-3/19 „Талир“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в.став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ одчлен 273 став 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 24 в.в. член 45 од КЗ и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 став 12 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ.

На ден 27.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, односно отсуство на член на советот поради позитивен тест на КОВИД-19 вирусот.

## КОК-49/20 „Меѓународен сојуз“

Предметот се води за кривичните дела „Измама“ од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ.

На ден 15.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител. Со оглед дека сведоците се предложени и согласно листата на докази од одбраната, а заради економичност и целисходност на постапката, Судот дозволи да истите бидат испитани од двете страни. При што правото за вкрстено испитување на овие сведоци, беше искористено само од страна на одбраната. Дополнително, и Судот го искористи своето право согласно член 383 ст.5 од ЗКП, да и самиот поставува прашања на сведоците со цел појаснување на претходно дадените одговори.

## КОК-30/20 „Шпански скали“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 и „Несовесно работење во службата“ од член 353-в од КЗ

На ден 20.04.2021 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, на предлог на јавниот обвинител. Изведувањето на доказите беше реализирано на два начини, односно најпрвин со читање на насловот на секој поединечен доказ, а дополнително и со визуелно презентирање на доказите со помош на технички уред, и во кратки црти осврување врз содржината на доказите од страна на јавниот обвинител.

## КОК-61/20 „Мустафа Шахини“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член од КЗ

На ден 22.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа, беа дадени воведни говори од страна на јавниот обвинител и бранителот на обвинетиот. Дополнително, обвинетиот беше поучен за неговите права во текот на постапката и истиот се произнесе по однос на вина.

## К-2799/20 „Друмарина“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 од КЗ

На ден 04.03.2021 година, на рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетата на која и е издадено решение за самоизолација а како резултат на претходен контакт со лице заболено од КОВИД-19 вирусот.

## КОК-27/21 „Зоран Теофиловски“

На ден 12.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член на судечкиот совет а заради самоизолација од КОВИД-19 вирусот.

## КОК-7/20 „Титаник 2“

На ден 26.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа формално на записник беа изведенипретходно изведените материјални докази предложени од страна на одбраната. За ваквиот начин на изведување на доказите, согласност имаше и од двете страни. По однос на останатите докази кои во претходната постапка не биле прифатени од страна на судечкиот совет, како и останатите кои ги предлага одбраната, од страна на Судот е побарано да од одбраната се достави поднесок со пречистена листа на докази и образложение на кои околности се предлагаат истите, како би можел јавниот обвинител да по однос на нив се произнесе.

## К-64/20 „Колибри“

Предметот се води за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од член 215 од КЗ

На ден 02.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, односно отсуство на член на судечки совет.

## КОК-30/21

Предметот се води за кривично дело „Криумчарење на мигранти„ од член 418-б од КЗ

На ден 12.04.2021 година, рочиштето за главна расправа започна со воведни говори од страна на јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител. Притоа, воведниот говор на застапникот на обвинението беше сведено на читање на обвинителниот акт. Дополнително, обвинетиот беше поучен за неговите права во текот на постапката и истиот се произнесе по однос на вината.

## КОК-130/20

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување„ од член 353 од КЗ и согласно одредбите од стариот Закон за кривичната постапка

На ден 21.04.2021 година, на рочиштето за главен претрес беа дадени воведни говори од страна на јавниот обвинител и бранителот на обвинетите. Обвинетите беа поучени за своите права во текот на постапката на начин што правата им беа само набројани и истите на прашање на Судот се произнесоа по однос на вина. На рочиштето само формално беа изведени материјалните и вербалните докази, а обвинетите останаа на претходно дадените искази во целост, по што се пристапи кон давање на завршни зборови. На обвинетите им беше соопштено од страна на Судот дека пресудата ќе ја добијат на писмено и истите беа поучени за правото на жалба.

## КОК-9/21

На ден 06.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што Судот увиде потреба да го испрати предметот со сите списи до Врховниот суд, со цел утврдување на надлежност на суд кој треба да постапува по овој предмет. Ова од причина што, постои можност за потенцијален судир на надлежности помеѓу Основниот суд во Кочани, каде и претходно се постапувало по овој предмет и Основниот Кривичен суд во Скопје.

## КОК-37/20

На ден 16.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член на судечкиот совет, а заради издадено решение за самоизолација.

## КОК-59/19

На 13.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител а заради здравствени причини.

## КОК-131/19

На ден 14.04.2021година,рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член на судечкиот совет, а заради издадено решение за самоизолација.

## КОК-126/19

На ден 21.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на член на советот – судија кој во исто време постапувал по друг предмет.

## КОК-149/20

На ден 20.04.2021 година, рочиштето за главна расправа започна со давање на воведни говори од страна на јавниот обвинител и бранителот на обвинетиот. Во тој контекст, воведниот говор на застапникот на обвинението беше сведен на читање на обвинителниот акт. Дополнително, обвинетиот беше поучен за своите права во текот на постапката, и истиот се произнесе по однос на вина.

## КОК-119/20

На ден 14.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија заради здравствени причини.

## КОК-49/20

На 29.04.2021 година во фаза на доказна постапка беше испитан сведок предложен од страна на застапникот на обвинението. Судот и даде прилика, а одбраната ја искористи за вкрстено испитување на овој сведок. Странките во постапката при испитувањето меѓусебно приговараа, а сите приговори беа констатирани на записник. Текот на постапката се евидентира аудио-визуелно, а паралелно се води и записник.

## КОК-42/19

На ден 26.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, предложени од страна на застапникот на обвинението, со читање на насловот на секој поединечен доказ. На рочиштето одбраната реагираше од причина што не им бил даден пристап до сите докази прибрани од страна на јавниот обвинител во Штип и дека истите на им давале никаква информација по однос на тоа, за што судијата им посочи дека ќе се обрати до нив официјално со писмен допис за прибирање на потребната документација.

## КОК-79/19

На ден 28.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, односно отсуство на член на советот а заради здравствени причини.

## КОК-99/14

На ден 12.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, односно отсуство на член на советот а заради здравствени причини.

## КОК-110/19

На ден 06.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази, на предлог на застапникот на обвинението. Дополнително, беа испитани и двајца сведоци, предложени од одбраната. За време на испитувањето, забележано е дека, судијата без истакнат приговор од спротивната странка, реагираше на прашањата на бранителот, со цел праведно испитување како и водеше сметка за дозволеноста на прашањата. Материјалните докази беа изведувани со презентирање на содржината на доказите од страна на застапникот на обвинението. За текот на постапката се води записник, со внесување преку диктирање од страна на судијата.

На ден 08.04.2021 година, во фаза на доказна постапка беа материјални и вербални докази, предложени од страна на одбраната. При испитувањето на сведоците, странките во постапката меѓусебно приговараа, а сите приговори беа констатирани на записник. По однос на изведувањето на доказите, истите беа изведени со читање само на насловот на секој поединечен доказ.

На ден 14.04.2021 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на докази предложени од страна на одбраната, односно беше испитан сведок. При испитувањето, Судот го искористи своето право согласно член 383 став 5 од ЗКП да поставува прашања, со цел појаснување на веќе дадените одговори.

На ден 20.04.2021 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази предложени од страна на одбраната. Дополнително, беше испитан и еден од обвинетите.

## КОК-10/21

На ден 21.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа, сите странки во постапката се изјаснија дека остануваат на веќе дадените воведни говори. Дополнително, во фаза на доказна постапка беше испитан оштетениот на предлог на одбраната. На рочиштето беше направена измена по однос на редоследот на изведување на доказите, на барање на одбраната, со цел испитување на оштетениот кој беше присутен на рочиштето да биде испитан дента, од причина што истиот живее во странство и постои опасност од евентуално негово недоаѓање во подоцнежната фаза од постапката, дотолку повеќе и заради пандемијата предизвикана со КОВИД-19 вирусот. На ваквиот предлог се согласил застапникот на обвинението, а Судот го дозволил, наведувајќи ја како причина- економичноста во постапката.

## КОК-25/20

На ден 21.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно член на совет кој е ангажиран во исто време да постапува по друг, во случајот притворски предмет.

## КОК-8/18

На ден 09.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки состав, а заради отсуство на член на советот од здравствени причини.

## КОК-112/20

На ден 26.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот, кој не беше спроведен во Суд, од причина што ПС Битола има голем број на вработени заразени од КОВИД-19 вирусот и истите не биле во можност да го спроведат.

## Коментар

Во текот на мониторираниот период повторно беше забележливо дека поголемиот број од рочиштата се одложени поради пандемијата со COVID-19 вирусот, поради која 20 рочишта биле одложени, а 18 насрочени рочишта биле откажани, при што се одржале само 20 рочишта. Тоа значи дека безмелку 2/3 од рочиштата не се одржале поради пандемијата.

Во однос на одржаните рочишта, забележани беа идентичните проблеми во поглед на редоследот на изведување на доказите, пред сѐ поради економичноста на постапката, така што најчесто оправдувањето за промена на редоследот на изведување на доказите е базирана на фактот дека се заштитува процесната економија, како и дека се користи моментот дека сведокот или вештакот е присутен, а поради пандемијата со вирусот, на овој начин на испитување на сведоците се минимализира ризокот од идни одлагања во услови на следење на редоследот на изведување на доказите според претходно утврдената листа на докази. Во таа насока, можеби може да се оправда и поголемата активност на судот, во смисла на примена на членот 383, ст. 5 од ЗКП, бидејќи едноставно, можеби на судот му треба дополнително образложение за поврзаноста на сведокот со теоријата на случајот и со другите докази, во услови на менување на редоследот на изведување на истите.

Увидената практика на просто читање на обвинителниот акт, наместо давање на воведен говор од страна на овластените тужители во предметите од организиран криминал карактеирзирани со помала сензитивност кај јавноста, наидува на критика кај стручната јавност. Ова од едноставна причина што странките треба соодветно да ги применуваат процесните дејствија, без оглед на профилот на судењето и соодветно да вложуваат внимание во подготовката на овие дејствија и нивната презентација во судот во текот на сите кривични постапки.

Интересно е дека во овој период и на два пати е забележано и признание на вина на обвинетите, а радува фактот дека и во двата случаи судот, во соодветна мерка, ги заштитил процесните гаранции на обвинетите преку адекватно усмено објаснување на нивните права и процесни гаранции во услови на дадено признание.

Продолжува практиката на разноличност во изведување на материјалните докази, што само го потврдува заклучокот за постоење на потребата за доуредување на ова поле. Додека, за поздравување е фактот дека сѐ повеќе рочишта се снимаат со аудиовизуелни средства, како поегзактен начин на пренесување на процесните дејствија преземени во текот на рочиштата од главната расправа од едноставното водење на записник.

Во наведениот период, сведоци сме на носење на неколку пресуди, при што за поздравување е пресудата на судот во која е изречена и мерката конфискација. Оваа ретка практика на судот, а имајќи ја предвид феноменологијата на организираниот криминалитет што се суди, само ја потврдува насушната потреба за зголемување на примената на оваа мерка, која од друга страна е нужно поврзана со дополнителни ангажмани на органите на прогонот, пред сѐ во претходната постапка и тоа во насока на откривање и обезбедување на приносите од криминал, кои што понатаму се предуслов за примена на мерката конфискација.